# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

29 октомври 2020 | Излегува по потреба | Година XV | број 13



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 51 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## **Р Е Ш Е Н И Е**

### **ЗА ЗАПИРАЊЕ ОД ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ИСПЛАТА НА НАДОМЕСТ ЗА ГОДИШЕН ОДМОР И ЈУБИЛЕЈНА НАГРАДА НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА ЗА 2020 ГОДИНА**

1. **СЕ ЗАПИРА** од објавување во "Службен гласник на Општина Гази Баба" Заклучокот за прифаќање на барањето за исплата на надомест за годишен одмор и јубилејна награда на општинската администрација за 2020 година, бр.09-3589/3 од 27.10.2020 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на Четириесет и петтата седница одржана на ден 27.10.2020 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

### ***О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е***

Објавувањето на Заклучокот за прифаќање на барањето за исплата на надомест за годишен одмор и јубилејна награда на општинската администрација за 2020 година, бр.09-3589/3 од 27.10.2020 година, се запира поради следните причини:

Исплата на надомест за годишен одмор за 2020 година и јубилејна награда е право од работен однос и советот на општината не е надлежен за права и обврски од работен однос.

**Број 08-3711/1**
**од 29.10.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ТРИМЕСЕЧНИОТ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА И РЕЗУЛТАТИТЕ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ, ЗА ТРЕТОТО ТРИМЕСЕЧЈЕ ОД 2020 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за третото тримесечје од 2020 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 27.10.2020 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3711/2**
**од 29.10.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 5 став (3) од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и "Службен весник на РСМ" бр 275/19), член 36 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за третото тримесечје од 2020 година, бр.02-124/3 од 16.10.2020 година, донесена од управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, Советот на Општина Гази Баба на Четириесет и петтата седница одржана на ден 27.10.2020 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ТРИМЕСЕЧНИОТ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА И РЕЗУЛТАТИТЕ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ, ЗА ТРЕТОТО ТРИМЕСЕЧЈЕ ОД 2020 ГОДИНА

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за третото тримесечје од 2020 година, бр.02-124/3 од 16.10.2020 година, донесена од управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-3589/4**
**од 27.10.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2020 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2020 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 27.10.2020 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3711/3**
**од 29.10.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр. 5/2002год.) и член 28 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 61/2004, 96/2004 и 67/2007, 156/2009, 47/2011, 192/2015, 209/2018 и Службен весник на РСМ бр. 244/2019год.), Советот на општината ГАЗИ БАБА на 45 седница одржана на 27.10.2020 година, донесе:

# О Д Л У К А

**за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина ГАЗИ БАБА**

**за 2020 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина ГАЗИ БАБА за 2020 година на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | БУГЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **E00** | **ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | | | |
| 421240 | Течни горива | 1.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 425130 | Изнајмување на друг тип на простор | -1.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 425920 | Услуги за копирање, печатење и издавање | -250.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | -250.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 427110 | Привремени вработувања | -1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 464940 | Трансфери при пензионирање | 500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **FD0** | **УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОР ВО РУРАЛНИ ПОДРАЧЈА (КАПІ** | | | | | |
| 482120 | Изградба на улици, патишта и автопати | 0 | 0 | 0 | -200.000 | 0 |
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 401130 | Основни плати - други вработени | 0 | 0 | 4.500.000 | 0 | 0 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 0 | 0 | 6.200.000 | 0 | 0 |
| 421110 | Електрична енергија | 0 | 0 | -1.660.000 | 0 | 0 |
| 421120 | Водовод и канализација | 0 | 0 | -340.000 | 0 | 0 |
| 421130 | Ѓубретарина | 0 | 0 | -420.000 | 0 | 0 |
| 421190 | Други комунални такси и услуги | 0 | 0 | -20.000 | 0 | 0 |
| 421210 | Централно греење | 0 | 0 | -1.800.000 | 0 | 0 |
| 421220 | Дрва | 0 | 0 | -10.000 | 0 | 0 |
| 421240 | Течни горива | 0 | 0 | -2.200.000 | 0 | 0 |
| 421290 | Други материјали за греење | 0 | 0 | -200.000 | 0 | 0 |
| 421320 | Телефон и телефакс | 0 | 0 | -120.000 | 0 | 0 |
| 421440 | Транспорт на луѓе | 0 | 0 | -30.000 | 0 | 0 |
| 424210 | Одржување на згради | 0 | 0 | -5.000.000 | 0 | 0 |
| 424220 | Услуги за обезбедување на објекти | 0 | 0 | -400.000 | 0 | 0 |
| 425760 | Превозни услуги во образованието | 0 | 0 | 1.500.000 | 0 | 0 |
| **V10** | **ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | | |
| 401130 | Основни плати - други вработени | 0 | 0 | 3.300.000 | 0 | 0 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 0 | 0 | 1.400.000 | 0 | 0 |
| 421110 | Електрична енергија | 0 | 0 | -600.000 | 0 | 0 |
| 421210 | Централно греење | 0 | 0 | -700.000 | 0 | 0 |
| 421240 | Течни горива | 0 | 0 | -500.000 | 0 | 0 |
| 421410 | Горива и масла (моторни возила) | 0 | 0 | -200.000 | 0 | 0 |
| 423990 | Други материјали | 0 | -400.000 | -400.000 | 0 | 0 |
| 424190 | Поправки на други возила | 0 | 400.000 | 0 | 0 | 0 |
| 427110 | Привремени вработувања | 1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 480190 | Купување на друга опрема | 0 | 0 | -300.000 | 0 | 0 |
| 482920 | Изградба на други објекти | 0 | 0 | 0 | 200.000 | 0 |
| 482930 | Реконструкција на други објекти | 0 | 0 | -2.000.000 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

Бр. 09-3589/5

Претседател на Советот на Општината
**ТОНИ БОЈКОВСКИ**
**с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТИ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ И ФОНДАЦИИ ОД ЛОКАЛЕН ИНТЕРЕС**

1. Се објавува Правилникот за изменување на Правилникот за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации од локален интерес, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 27.10.2020 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3711/4**
**од 29.10.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 49 од Законот за здруженија и фондации ("Службен весник на РМ" бр.52/10, 135/11 и 55/16), член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Четириесет и петтата седница одржана на ден 27.10.2020 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТИ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ И ФОНДАЦИИ ОД ЛОКАЛЕН ИНТЕРЕС**

**Член 1**

Во Правилникот за финансирање на проекти за здруженија на граѓани и фондации од локален интерес ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.12/11), во член 3 ставот (2) се менува и гласи:

"Конкурсот за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации се распишува на 15 септември во тековната година за наредната буџетска година и трае 30 дена, заклучно со 15 октомври, а се објавува во едно од дневните гласила и на веб-страницата на Општина Гази Баба."

**Член 2**

Во член 8 ставот (1) се менува и гласи:

"Изборот на проектите на здруженија на граѓани и фондации од локален интерес го врши градоначалникот на предлог на комисија составена од претседател и четири члена, која се именува и разрешува со решение на градоначалникот."

**Член 3**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-3589/6**
**од 27.10.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ НА ИНВЕСТИТОРОТ - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ОД ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ, ЗА КП 2190/1 КО СИНГЕЛИЌ - 1**

1. Се објавува Одлуката за ослободување на инвеститорот - Општина Гази Баба од плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште, за КП 2190/1 КО Сингелиќ - 1, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 27.10.2020 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3711/5**
**од 29.10.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 59 став (12) од Законот за градење ("Службен весник на РМ" бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 244/19 и 18/20), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по барањето на инвеститорот - Општина Гази Баба, за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, УП1 бр.28-434/2020 од 20.10.2020 година, Советот на Општина Гази Баба на Четириесет и петтата седница одржана на ден 27.10.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ НА ИНВЕСТИТОРОТ - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ОД ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ, ЗА КП 2190/1 КО СИНГЕЛИЌ - 1**

**Член 1**

Се ослободува инвеститорот - Општина Гази Баба од плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште, кој се однесува за изведување на спортски игралишта во Општинското основно училиште "25 Мај" на улица "Алија Авдовиќ" број 6 во населба Сингелиќ, Општина Гази Баба, на КП 2190/1 ИЛ 6584 КО Сингелиќ - 1, во сопственост на Општина Гази Баба, видно од ДУП за изменување и дополнување на Детален урбанистички план во населба "Методија Андонов Ченто" дел од МЗ "Јане Сандански" на улиците "Антон Попов", "Алија Авдовиќ", "Христифор Жефаровиќ" и "Христо Татарчев", Урбан блок 1 број на парцела 1.1, со Одлука број 07-546/2 од 12.07.2002 година година донесена од Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Град Скопје" бр.9/02), а во согласност со Изводот од ДУП број 496/2020 заведен под број 28-3/1874-2 од 10.08 2020 година издаден од Општина Гази Баба, Програмата за изведување на спортски игралишта во Општина Гази Баба број 09-2706/26 од 31.08 2020 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" број 10/20) и Микролокациските услови за изведување на спортски игралишта со тех.број 08/31 од 2020 година изработени од Енис Буќи Архитекти + Конструкција ДООЕЛ Друштво за проектирање, надзор и градба и според одобрен основен проект за изградба на спортски игралишта со тех.број 08/31 од 2020 година изработен од Енис Буќи Архитекти + Конструкција ДООЕЛ Друштво за проектирање, надзор и градба.

**Член 2**

Надоместокот од член 1 на оваа одлука претставува 100% од надоместокот за уредување на градежното земјиште, наменет за Општина Гази Баба.

**Член 3**

Одлуката да се достави до секторот за урбанизам и градежно земјиште.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-3589/7**
**од 27.10.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ ЗА НАБАВКА НА ВОЗИЛА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА И ЗЕЛЕНИЛОТО НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВИТАЛНИ ОБЈЕКТИ ОД ЗНАЧИТЕЛНА ВАЖНОСТ ЗА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ, ЗА ПЕРИОД 2020 - 2021 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на развојна програма за капитални инвестиции за набавка на возила за оддржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини на подрачјето на Општина Гази Баба и реконструкција на витални објекти од значителна важност за ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за период 2020-2021 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 27.10.2020 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3711/6**
**од 29.10.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 11 став (1) точка 8 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19), член 36 став (1) точка 6 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Одлуката за усвојување на развојна програма за капитални инвестиции за набавка на возила за оддржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини на подрачјето на Општина Гази Баба и реконструкција на витални објекти од значителна важност за ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за период 2020-2021 година, бр.02-130/3 од 26.10.2020 година, донесена од управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, Советот на Општина Гази Баба на Четириесет и петтата седница одржана на ден 27.10.2020 година донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ ЗА НАБАВКА НА ВОЗИЛА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА И ЗЕЛЕНИЛОТО НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВИТАЛНИ ОБЈЕКТИ ОД ЗНАЧИТЕЛНА ВАЖНОСТ ЗА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ, ЗА ПЕРИОД 2020 - 2021 ГОДИНА

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Одлуката за усвојување на развојна програма за капитални инвестиции за набавка на возила за оддржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини на подрачјето на Општина Гази Баба и реконструкција на витални објекти од значителна важност за ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за период 2020-2021 година, бр.02-130/3 од 26.10.2020 година, донесена од управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-3589/8**
**од 27.10.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

# СОДРЖИНА


**РЕШЕНИЕ** за запирање од објавување на Заклучокот за прифаќање на барањето за исплата на надомест за годишен одмор и јубилејна награда на општинската администрација за 2020 година . . . . . . . . . . . .3

**ОДЛУКА** за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за третото тримесечје од 2020 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .5

**ОДЛУКА** за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2020 година . . . . . . . . . .7

**ПРАВИЛНИК** за изменување на Правилникот за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации од локален интерес . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .9

**ОДЛУКА** за ослободување на инвеститорот - Општина Гази Баба од плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште, за КП 2190/1 КО Сингелиќ - 1 . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .11

**ОДЛУКА** за давање согласност на Одлуката за усвојување на развојна програма за капитални инвестиции за набавка на возила за оддржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини на подрачјето на Општина Гази Баба и реконструкција на витални објекти од значителна важност за ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за период 2020-2021 година . . . . . . . . . .13



**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 13/20**
**45 седница**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 10 примероци